Врз основа на член 24 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Валандово во областа на социјалната заштита за 2025 година

## 1. ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно на зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот.

Согласно Законот за социјална заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно потребите на најзагрозените граѓани со цел:

- Одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- Спречување на социјалната исклученост;
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и унапредување на социјалната заштита;
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани, кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот или семејството.

Програмата за социјална заштита се заснова на Законот за социјална заштита, како и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната заштита, но и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општина Валандово, со кои се уредени правата од областа на социјалната заштита.

## 2. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Целта за остварување на паричната помош и обезбедувањето на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е Општина Валандово да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица, жители на општината, кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2024 год и е во согласност со надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Валандово во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Обезбедување активен однос на Општина Валандово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштита на децата;
- Создавање на поквалитетни услови за децата од предучилишна возраст за престој во градинки;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со пречки во развојот.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

Програмата за социјална заштита за 2025 година во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства е во дирекна корелација со најранливите категории на граѓани во заедницата и нивните потреби и приоритети.

## 3. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

- Обезбедување на можности за социјална заштита и заштита на деца на сите жители на Општина Валандово;
- Обезбедување услови во детските градинки за реализирање на нивните цели, задачи и планирани програмски содржини;
- Создавање услови за згрижување на деца со попреченост, семејно запуштени деца и деца од улица;
- Обезбедување превоз на лица со попреченост, кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Валандово;
- Помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба;
- Еднократна парична помош на семејства за новородено дете;
- Создавање услови за поповолен социјален живот за стари лица;
- Создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари и изнемоштени лица;
- Помош за семејства погодени од несреќи и елементарни непогоди;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Помош на лица изложени на социјален ризик и социјално загрозени семејства;
- Помош на деца од еднородителско семејство;
- Помош на деца без родители и родителска грижа;
- Помош за самохрани родители;
- Помош на лица – жртви на семејно насилство;
- Помош на лица со попреченост;
- Обезбедување услови, можности, едукација, како и инфраструктурни инвестиции за лица со попреченост на територијата на општина Валандово.

Освен со помош од финансиски и материјални средства обезбедени во Буџетот на општината кои ќе се доделуваат на категориите на лица согласно оваа програма, општината ќе превземе и други активности, кои најсоодветно ќе одговораат на потребите на граѓаните на општината. Како дел од тие активности се сметаат следните :

- креирање на проекти со приоритетно идентификување на лица за социјална заштита и заштита на деца;
- организирање на хуманитарни акции за помош на социјално загрозените лица (собирање на облека, храна, покуќнина и сл.);
- посета на болни и изнемоштени лица;
- соработка со Центарот за социјални работи и со училиштата во општината, а со цел идентификување на децата со социјални проблеми и обезбедување на соодветен третман на истите.

## 5. ТРАНСФЕРИ ДО НВО

Трансферите до НВО за реализација на проекти ќе се остварува преку идентификација, поддршка и соработка во реализацијата на иницијативи и предлози на проекти од интерес на Општина Валандово, како и програмски активности поднесени од страна на здруженија на граѓани и фондации.

Реализацијата на средствата ќе се врши преку јавен повик за користење на средства од Буџетот на Општина Валандово, наменети за финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија на граѓани, како и преку потпишување на посебни договори и/или меморандуми за соработка.

## 6. ТРАНСФЕРИ ДО ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Трансферите до физички лица ќе ги реализира Градоначалникот на Општина Валандово согласно оваа Програма, а по претходно поднесено барање од лицата или од нивните старатели, поткрепено со соодветна документација. Барањата и документацијата ќе ги разгледува Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово и за истите ќе доставува предлог до Градоначалникот.

Во случај на итни и неодложени барања, Градоначалникот ќе донесе решение за доделување на средства за социјална помош за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална заштита за 2025 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово, средства добиени преку аплицирање од Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка од земјата и странство.

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма кои ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година се:

| Ред.бр. | Назив на активност |
|---|---|
| 1. | Проект бесплатни детски градинки |
| 2. | Поддршка на стари и изнемоштени лица - Проект „Се грижиме“ |
| 3. | Поддршка на социјално загрозени семејства |
| 4. | Поддршка на самохрани родители и еднородителски семејства |
| 5. | Поддршка на лица со попреченост |
| 6. | Поддршка на дневниот центар за лица со посебни потреби |
| 7. | Поддршка на семејства со новородено дете |
| 8. | „Зајакнување - Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан“ |

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Валандово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности.

Општината со посебна Одлука ќе ја утврди висината на средствата и ќе го уреди начинот на користењето на паричните надоместоци кои ќе ги остваруваат граѓаните согласно оваа Програма, а кои претходно не се уредени со некој акт.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Валандово, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Совет на општина Валандово
Претседател
Владимир Марков